**Денес, кога го прославуваме Светскиот ден на книгата и авторското право, се поклонуваме пред медиумот кој векови наназад овозможува пренесување на универзалните знаења и искуства на човештвото за идните генерации и пред исклучителното значење што го има книгата за цивилизацискиот напредок и она што сме денес. Книгата е врска меѓу минатото и иднината. Таа е мост меѓу генерациите и културите. Таа е посредник меѓу создавањето и споделувањето на мудроста и знаењето...**



Книгите се сведок на времето, на човечките капацитети и напори да создаваат реални и имагинарни светови и да им пренесуваат на луѓето пораки за богатството на животот, меѓусебното разбирање и толеранција. Книгата е мисионер на светлината на знаењето, симбол на цивилизациската надеж, стремеж за напредок и дијалог што треба да го негуваме и браниме како суштина на човековото постоење.

На овој ден, човештвото ја слави слободата, но и борбата за слобода и еманципација во исто време. Во таа вечна борба, книгата е еден од најважните столбови на слободата, човековото себепознавање и слободно изразување и комуницирање.

Цицерон рекол дека една соба без книги е како тело без душа, и токму во таа смисла сум убеден дека и по оваа дигитална (р)еволуција, кога ни се чини дека книгата и читањето отстапуваат пред нови, многу покуси, фрагментирани, несодржајни и манипулативни форми на изразување,  има иднина за книгата, за нејзината благородна функција како едукатор и како духовна лектира, која не внесува длабоко под површината и површното комуницирање и ни ја открива сложеноста и суптилноста на нашето постоење, во кое креативноста и негувањето на духот и емоциите имаат централно место.



[illegible]

